Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 22-935/4
02.07.2026 год.
СКОПЈЕ

ΔUE
American University of Europe-FON
FON

Согласно член 110, став 1, точка 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 143, точка 7 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија, на седницата одржана на 02.07.2026, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО- НАУЧНО ЗВАЊЕ ПО СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

**М-р МАРК ЈАНУРА** СЕ ИЗБИРА за наставник по стручно-уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02 - Применета уметност и дизајн; 6.04.00.08 - Друго (Мултидисциплинарен дизајн); во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР, по стручно-уметнички предмети, за временски период од 5 (пет) години.

**О б р а з л о ж е н и е**

На конкурсот објавен за избор и вработување на еден наставник се пријави кандидатот м-р Марк Јанура. Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија, по предлог на рецензионата комисија во состав:

- проф. м-р Стефан Јакимовски - претседател
- проф. Костадин Танчев - член
- проф. д-р Татјана Кандикјан - член

едногласно го избра м-р Марк Јанура за наставник по стручно - уметнички предмети, од областите: 6.04.00.02-Применета уметност и дизајн; 6.04.00.08-Друго (Мултидисциплинарен дизајн):, во наставно-научно звање ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР. Со оглед на тоа што временскиот период за кој м-р Марк Јанура е избран во звање доцент му истекува на 28.07.2026 оваа одлука ќе стапи на сила на 29.07.2026 година.

**Скопје, 02.07.2026**

**Д е к а н**

**Проф. м-р Милош Милосављевиќ**